| | |
|---|---|
| **Назив на СЗ** | **Оператор за изработка на меки делови кај мебелот и внатрешна декорација** |
| **Код на СЗ** | 1420.40.01 |
| **Сектор** | ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Со стандардот на занимањето Оператор за изработка на меки делови кај мебелот и внатрешна декорација, се дефинираат потребните знаења, вештини и компетенции на ова занимање за извршување на работни активности во областа на обработката на дрво. Операторот за изработка на меки делови кај мебелот и внатрешна декорација, ја планира, подготвува, организира и го контролира квали тетот на изработка на меки делови кај мебелот за седење и лежење како и елементи на ентериерот; препорачува идејни решенија за тапаци ран мебел и внатрешна декорација и материјали за нивна изработка; подготвува техничка документација; црта основи, пресеци, изгледи и де тали; изработува предмет и пресметка на потребен материјал; го конт ролира правилното вградување на елементите во ентериерот согласно предложената проектна документација; подготвува и изда ва дополни телна документација; врши завршна контролира на изработените произ води. Операторот за изработка на меки делови кај мебелот и внатреш на декорација, може да работи во производствен капацитет или како независен претприемач. Тој може да придонесува во дизајни рањето на мебел и ентериер, да реставрира вредни антикви тети и да има дирек тен контакт со клиентите. Исто така, изработува шаблони, подготвува подлога за тапацир, изработува ѕидни панели, платна за тавани или прекривки за мебел, како и вградување изработените производи на локација определена од страна на крајниот корис ник; ја пополнува и ја пресметува технолошката и техничката докумен тација за производите; набавува основен и помошен материјал и врши продажба на готовиот производ; ги контролира материјалите, произ водите и својата работа; комуницира со соработниците и клиентите; се заштитува себеси и соработниците од повреди и штетни влијанија врз околината. |

| **Број** | **Функции на занимањето** | **Задачи на занимањето** | **Компетенции на занимањето** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање и организирање работни активности | Анализира, планира и организира сопствена работа и работа во помали групи | 1. Подготвува техничко-технолошка документација;<br>2. Организира и води работа на помали групи кај поедини работни задачи;<br>3. Применува основни правила на организација на работа во претпријатие;<br>4. Почитува основи на естетско формирање;<br>5. Применува стандарди за дрвната индустрија;<br>6. Поседува способност за тимска работа;<br>7. Следи новитети во тапетарското производство; |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 8. Врши анализа на конкуренцијата на пазарот;<br>9. Врши проценка на видовите, квалитетот и количините на материјали кои што ќе бидат потребни за исполнување на барањата;<br>10. Одредува видови алати и опрема потребни за исполнување на барањата; |
| **2.** | Подготовка за работа | Подготвува работни места, материјали, средства за работа, шаблони и техничка документација | 1. Прима, класифицира и складира потребни материјали;<br>2. Проверува подготовка на материјалите во согласност со работниот налог;<br>3. Врши избор на соодветни средства за работа и материјали;<br>4. Презема мерки за сигурна работа во согласност со прописите;<br>5. Чита и пополнува техничка и технолошка документација;<br>6. Познава видови, карактеристики и компатибилност на материјалите;<br>7. Применува техники на мерење и контрола;<br>8. Организира работно место, потребни материјали, алати и опрема кои му се потребни за ефективно да работи;<br>9. Уредно ја одржува својата работна површина; |
| **3.** | Оперативни активности | Крои материјали за тапацирање | 1. Изготвува кројни шеми и шаблони;<br>2. Крои декоративни материјали (ткаенини, кожа, скај), согласно шеми и шаблони;<br>3. Крои полиуретански материјали;<br>4. Разликува видови и карактеристики на тапетарските материјали;<br>5. Познава стандарди на материјалите за тапацирање |
| | | Обработува дрво, елементи од дрво и плочи, со рачни алати и едноставни машини | 1. Пили елементи од дрво и плочи;<br>2. Изработува чисти детали;<br>3. Спојува елементи и формира тапетарски рамки;<br>4. Споредува својства на масивно дрво и плочи;<br>5. Применува постапка согласно |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | карактеристиките на составите;<br>6. Врши монтажа и демонтажа на елементи од дрво;<br>7. Работи со рачни алати и рачни преносни машини |
| | | Шие ткаенини и други материјали за тапацирање | 1. Шие на машина ткаенини и други материјали;<br>2. Пресвлекува украсни копчиња на машини;<br>3. Опшива рабови и изработува декоративни штепови;<br>4. Познава принципи на естетика и дизајн |
| | | Ракува со линијата за тапацирање | 1. Прицврстува федери, гуртни, саргија, жичани јадра и друго;<br>2. Прицврстува механизми за отворање (трансформирање на тапацираниот мебел);<br>3. Пресвлекува седишта и наслони;<br>4. Полни слободни перници;<br>5. Прошива украсни копчиња;<br>6. Прицврстува полиуретански пењи;<br>7. Познава технологија на тапацирање;<br>8. Монтира механизми и окови; |
| | | Изработува опшиени ѕидни панели, платна за тавани, прекривки за мебел, подни облоги и други елементи за внатрешна декорација | 1. Проверува дали сите компоненти се на место и се соодветно обележени за шиење пред да започне со работата;<br>2. Ги засекува или зарежува компонентите за да добие шевови со бараниот квалитет;<br>3. Пробно шие, за да направи приспособувања доколку е потребно за да се решат сите отстапувања од спецификацијата;<br>4. Шие различни ширини на текстилот во претходно определен редослед;<br>5. Се осигурува дека користените методи за шиење се соодветни за конкретниот текстил;<br>6. Ги подредува и ги шие компонентите и дополнителните предмети по правилен редослед;<br>7. Шие шевови/рабови согласно |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | бараниот вид и со барано затегнување;<br>8. Прави и завршува фалти и штепови точно, согласно со спецификацијата;<br>9. Користи соодветни техники за да ги надмине разликите во повторувањето на дезените;<br>10. Користи соодветен метод за да ги израмни шевовите/рабовите по склопувањето на панелот;<br>11. Бара помош доколку му е потребна за превиткување на сошиените преклопи на панелите на наведениот начин;<br>12. Ги обележува, заврзува и подредува сошиените работи и ги подготвува за предавање во следната фаза на обработка; |
| | | Монтира, транспортира, пакува и поставува производи | 1. Монтира готов производ;<br>2. Проверува функционалност на производот;<br>3. Прочистува производ;<br>4. Пакува производ во заштитни материјали за пакување;<br>5. Обележува пратки;<br>6. Транспортира производи до нарачателите;<br>7. Монтира тапетарски производи во објектот на инвеститорот;<br>8. Монтира производи и елементи за внатрешна декорација (завеси, подни, ѕидни и тавански облоги)<br>9. Потврдува дека квалитетот на поставувањето е согласно бараното во спецификацијата; |
| **4.** | Комерцијални активности | Подготвува и реализира понуди за изведба на тапациран мебел и елементи за внатрешна декорација | 1. Проценува можни трошоци;<br>2. Изработува калкулации и подготвува понуди;<br>3. Познава видови и структура на трошоците;<br>4. Набавува материјали, опрема и алати;<br>5. Испитува основни елементи на пазарот;<br>6. Врши маркетинг;<br>7. Планира и извршува промотивни активности (претприемач);<br>8. Ги следи локалните, регионалните и глобалните |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | трендови во индустријата; |
| **5.** | Административни активности | Води и чува потребна работна документација | 1. Пополнува извештаи за производството;<br>2. Прави нарачки за потребни материјали;<br>3. Изработува налог за отстранување недостатоци на извршените работи;<br>4. Изработува завршен извештај за реализирани производи и услуги; |
| **6.** | Активности за обезбедување на квалитет | Контролира квалитет и учинок во согласнот со стандардите и нормативите | 1. Проверува дали визуелниот изглед, фиксирањето и затегнатоста на прекривката одговара на спецификациите согласно со стандардните оперативни процедури;<br>2. Користи средства за работа и материјали во согласност со препораките на производителите;<br>3. Проверува квалитет на елементи те во сите фази на изработка;<br>4. Применува начини и услови за складирање на материјалите и производите;<br>5. Осигурува естетски изглед на производите;<br>6. Навремено и ефективно се справува со сите проблеми кои ќе се појават |
| **7.** | Одржување и поправање опрема | Одржува средства за работа | 1. Уредно ги одржува средствата за работа и навремено ги дава на поправка/сервис;<br>2. Остри рачни алати;<br>3. Применува основни правила за одржување на машините и уредите; |
| **8.** | Комуникација | Комуницира со соработниците, странките и потрошувачите | 1. Соработува со работниците од претходната и наредната работна операција;<br>2. Познава технолошки процес и техничка терминологија;<br>3. Соработува со претпоставените;<br>4. Применува вештини за деловна комуникација<br>5. Ги разбира барањата на нарачателите и соработува со нив при нарачките и |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | предавањето на работите;<br>6. Применува електронска комуникација; |
| **9.** | Здравје, безбедност и заштита при работа и животната средина | Применува мерки за лична заштита и заштита на потесната и пошироката околина | 1. Користи еколошки материјали за изработка на производите;<br>2. Употребува заштитни средства и опрема при работата;<br>3. Ги запознава членовите на работната група со опасностите во одредени работи и употребата на заштитната опрема;<br>4. Ги применува прописите за заштита при работа;<br>5. Ги познава можностите за повреди при работа поради неправилно користење на машините и алатите;<br>6. Сортира и на соодветен начин ги складира отпадоците;<br>7. Уништува штетни материјали и опрема со цел заштита на околината;<br>8. Применува прописи за заштита на околината |

| **Знаење за занимањето / Вештини за занимањето** |
|---|
| **Знаење за занимањето:**<br>• Разликува видови на техничка документација;<br>• Објаснува  основи, пресеци, изгледи и детали<br>• Знае начини на пресметување на потребен материјал;<br>• Контролира правилно вградување на елементите во ентериерот, согласно со предложената проектна документација<br>• Подготвува и издава на дополнителна документација<br>• Анализира шаблони;<br>• Подготвува подлога за тапацирање;<br>• Изработува ѕидни панели, платна за тавани или прекривки за мебел, како и вградување на изработените производи на локација определена од страна на крајниот корисник;<br>• Споредува видови на  конструкции на тапацирани производи;<br>• Познава технолошки процес за изработката на меки делови кај мебелот за седење и лежење како и елементи на ентериерот;<br>• Препорачува идејни решенија за тапациран мебел и внатрешна декорација и материјали за нивна изработка; |

- Споредува карактеристики и технологија на обработка на материјали за изработка на меки делови кај мебелот и внатрешната декорација;
- Знае редослед на фази во изработка на тапациран мебел;
- Изработува скици на предлог-варијанти за решенија за внатрешниот простор;
- знае како безбедно да се ракува со остри и електрични алати со цел да се заштити самиот и да ги заштити другите од ризиците;
- Знае принципи на формирање на цени на материјали за тапетарството;
- Познава содржина на завршен извештај за реализирани работи;
- Познава прописи за заштита при работа и заштита на околината;
- Знае како да се ослободи од отпадот во согласност со важечкото законодавство;
- Ги знае прописите за противпожарна заштита

**Вештини за занимањето:**

- Организира и води работа на помали групи кај поедини работни задачи;
- Следи конкуренција на пазарот;
- Врши проценка на видовите, квалитетот и количините на материјали кои што ќе бидат потребни за исполнување на барањата;
- Селектира видовите на алати и опрема потребни за исполнување на барањата
- Прима, класифицира и складира потребни материјали;
- Проверува подготовка на материјалите во согласност со работниот налог;
- Превзема мерки за сигурна работа во согласност со прописите;
- Користи техничка и технолошка документација;
- Организира работно место, потребни материјали, алати и опрема кои му се потребни за ефективно да работи и во исто време уредно да ја одржува својата работна површина
- Изготвува кројни шеми и шаблони;
- Крои декоративни (ткаенини, кожа, скај) и полиуретански материјали;
- Изработува  чисти детали;
- Спојува елементи и формира тапетарски рамки;
- Работи со рачни алати, рачни преносни машини и машина за шиење;
- Работи на машини за пресвлекува украсни копчиња;
- Опшива рабови и изработува декоративни штепови;
- Прицврстува федери, гуртни, саргија, жичани јадра и друго
- Прицврстува механизми за отворање (трансформирање на тапацираниот мебел)
- Пресвлекува седишта и наслони;
- Полни слободни перници;
- Прошива украсни копчиња;
- Прицврстува полиуретански пење;
- Монтира готов производ;
- Проверува функционалност на производот;
- Проценува можни трошоци;
- Изработува калкулации и подготвува понуди;
- Набавува материјали, опрема и алати;
- Испитува основни елементи на пазарот
- Планира и извршува промотивни активности (претприемач);
- Прави нарачки за потребни материјали;
- Изработува налог за отстранување недостатоци на извршените работи;
- Соработува со работниците од претходната и наредната работна операција;

| |
|---|
| • Соработува со претпоставените; |

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | **Комуникација на мајчин јазик.**<br>Способен е да споделува и толкува различни концепти, идеи, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и писмена форма и остварува јазична интеракција со претпоставените и членовите на работните групи. Може да се изразува усна и во писмена форма, да користи електронска комуникација и да остварува јазична интеракција со вработени, надворешни соработници и со странки/клиенти. Способен е да користи различни ви дови на документација, технички помагала при комуникација, да пребарува, собира и обработува информации и да користи професионален речник.<br><br>**Комуникација на странски јазик.**<br>Способен е да користи странски јазик со цел компетентно да го следи напредокот во дизајнот на внатрешното уредување и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија.<br><br>**Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**<br>Во решавањето на задачи и пресметки, утврдување на цена врз основа на дадените понуди и утврдување на потребен материјал според дадени цртежи. Користи и работи со техничко-технолошки алатки.<br><br>**Дигитални компетенции.**<br>Способен е да користи компјутерска техника и посебни софтвери за изработка на технички цртежи за ентериер и мебел. Следи новитети на софтвер за изработка на технички цртежи и материјали за изработка на ентериер и мебел, користи ИТ технологија за прибирање на податоци и обезбедување на каталози и списанија за изработка на ентериер и мебел. Остварува брза и економична комуникација со клиентите и управува со компјутерски машини<br><br>**Учење како се учи.** Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини и е истраен кон автономното учење.<br><br>**Социјални/општествени и граѓански компетенции.**<br>Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област.<br><br>**Чувство за иницијатива и претприемништво.**<br>Ефективно нуди креативни решенија за проблемите на корисниците, креира технички решенија за проблемите на корисниците. Покажува иницијатива за подобрување на состојбите и нивно спроведување<br><br>**Културолошка свест и културно изразување** |

| | |
|---|---|
| | Го препознава и почитува креативниот израз на идеи и искуства, поврзувајќи ги со самоподобрувањето на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | Операторот за изработка на тапациран мебел и внатрешна декорација може да биде претприемач со пристап до неколку машини, кој има потреба од дополнително ангажирање на надворешни соработници и мануелно производство како и целокупниот спектар на компетенции за водење на мал бизнис<br>Во поголеми организации, Операторот за изработка на тапациран мебел и внатрешна декорација може да биде високо стручен само во неколку од компетенциите на струката кои се наведени тука |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | • Закон за шуми<br>• Закон за ловство<br>• Закон за производство<br>• Закон за јавно здравје<br>• Закон за санитарна инспекција<br>• Закон за пазарна инспекција<br>• Закон за работни односи<br>• Закон за безбедност и здравје при работа<br>• Закон за заштита на животна средина<br>• Закон за заштита на лични податоци<br>• Стандарди за пошумување според број на садници и површина<br>• Стандарди во хортикултурата<br>• Стандарди за транспорт на земја и саден материјал |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за труд и социјална политика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр.08-7765/28<br>Од 30.11.2017 година | **Датум на ревизија** | |